## 1. Вовед и дефиниции

Овде дадените **Општи услови за користење,** се сметаат за прифатени со самиот чин на пристап и користење на интернет порталот „esi.mk“ со што се опфатени и сите нивни измени и дополнувања, освен доколку посебно не е нагласено поинаку.
Општите услови и нивните идни измени и дополнувања се со важност од денот на поставување на веб страницата и по автоматизам се сметаат за составен дел од секој и секаков договор во било која форма склучен помеѓу било кои физички и/или правни лица корисници на порталот.

“esi.mk” е интернет портал наменет за размена на податоци на пазарот на трудот за сите заинтересирани правни и физички лица во доменот на нивниот интерес, потреби и законски надлежности. Порталот го задржува правото за остварување на комерцијален ефект од размената на податоци.

Во смисла на овие **Општи услови** се одредуваат следниве дефиниции на поими:

- под “Користење“ се подразбира секоја и секаква активност на, кон и од порталот на секое правно или физичко лице, вклучително и размена на лични податоци.
- под “Лични податоци“ се подразбираат податоците за правни и физички лица со идентична дефинираност како во Законот за заштита на лични податоци.
- под „Цена“или “Ценовник“ се подразбира паричен износ определен како надоместок за услугите на порталот.
- под “Работно место“ се подразбира секој вид на работно место како што е вработување или друг со закон допуштен вид на работен ангажман вклучително и обуки, дообразување, остручување, приправнички ангажман, практикантсво и слично согласно законската дефиниција на секој посебен институт
- под “Работодавач“ или „Работодавач корисник“ се мисли на секое физичко или правно лице со така дефиниран статус согласно законските прописи кое го користи порталот, без оглед на видот на договорот за вработување кој може да го склучи или има намера да го склучи.
- под “Работобарател“ се подразбира секое лице коешто го користи порталот заради наоѓање на вработување или друг работен ангажман допуштен со позитивните прописи.

## 2. Користење од Работобаратели

Работобарателот креира корисничка сметка и се регистрира во системот.

Работобарателот ќе ја употребува корисничката сметка наменски и единствено за опциите кои му стојат на располагање на порталот за информирање за слободни работни места. Доколку Работобарателот ја искористи корисничката сметка за било која друга цел освен наведената истата ќе му биде блокирана, а Агенцијата го задржува правото за надомест на секоја и секаква штета по сите со закон допуштени основи.

## 3. Користење од Работодавачи

Работодавачот креира корисничка сметка и се регистрира во системот.

Регистрираните работодавачи можат во секое време да објавуваат огласи за работни места и да ги користат услугите на стручните лица од Агенцијата во врска со објавените огласи, да имаат увид во статистиката на посетеноста на објавените огласи, да пребаруваат CV-а и да ги користат сите напредни функции кои се инсталирани или ќе бидат инсталирани, со или без надоместок, зависно од пакетот на услуги кој ќе биде избран.

Услугата за објавување на огласи за слободни работни места се наплаќа согласно Ценовникот.

Агенцијата не презема никаква одговорност за било кој и било каков ефект кој може да го предизвика содржината на оглас кон било кое лице или кон општата јавност. Сепак, по свое наоѓање Агенцијата може да избрише текстови кои може да ги оцени за навредливи, дискриминаторски, несоодветни или содржини спротивни на задолжителните прописи и моралот, но не презема одговорност за контрола на текстовите. Агенцијата текстовите на огласите ги објавува интегрално и не одговара за правописните грешки или други грешки во огласот.

## 4. Ограничување на одговорност

Агенцијата нема да се смета за одговорна за точноста и вистинитоста на поставените информации од страна на било кој корисник на Порталот и ова се однесува на секоја и секаква информација доставена и поставена од било кој корисник. Агенцијата не презема одговороност за било која штета во било кој обем заради погрешни или невистинити податоци на Порталот добиени и/или поставени од Корисник на Порталот. Со самото користење на Порталот секој корисник де факто и де јуре декларира согласност дека нема да истакнува било какво барање за надомест на било каква штета кон Агенцијата во врска со погрешни или невистинити податоци како погоре што е наведено.

## 5. Авторски права, сродни права и права од индустриска сопственост

Самиот портал, неговата содржина, податоци, изглед, дизајн, структура и начин на функционирање во целост, функционално и формално правно се под целосна заштита на соодветните законски пропсии и не е допуштено никакво копирање, преземање или користење од трети лица без писмена согласност на Агенцијата.